**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12 февруари 2019 година**

**Скопје,**
**февруари 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12 февруари 2019 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Асаф Адеми, министер за култура и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 114-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 8.1.2019 година**

- **Усвојување на Записникот од 117-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 29.1.2019 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

- Законодавна агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

- Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „АГРО-БЕРЗА“, Скопје за 2019 година

3. Информација со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година

5. Информација со нов текст на Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, со Предлог-одлука

6. Информација со Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје

7. Информација за моменталниот статус на административните и оперативните капацитети и предложените мерки за зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. бр.03-893/18)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. бр.03-763/18)

10. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба за 2018 година, со Предлог-одлука

11. Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид

**б) Економски систем и тековна економска политика**

12. Информација за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука

13. Информација за Предлог-мерки за уредување на имотно-правен однос со засегнатите деловни банки за имот од поранешен Завод за платен промет во Струга

14. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Нар“, Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

15. Информација за реализација на активностите од Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за индустриска сопственост 2016 - 2018

16. Информација за одржување на Првата седница на македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука

18. Информација за изготвување на Акциски план по конечниот извештај на Државниот завод за ревизија, со Акциски план

19. Информација со Предлог-решение за формирање на комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR)

**в) Политички систем**

20. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во областа на образование, наука, култура, мас-медиуми, млади и спорт

21. Информација за подготовка на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија кој ќе се одржи на 12 март 2019 година во Скопје

22. Информација за имплементација на мерките од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година, со Акциски план

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

23. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука

24. Информација за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-решение

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

25. Предлог-одлука за поништување на постапката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - минерална вода на локалитетот „Горица“ с.Белчишта, Општина Дебарца од Друштвото за трговија и услуги „Европорц“ ДОО увоз-извоз с.Трубарево Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги „Горичанка“ ДОО увоз-извоз Скопје

26. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за градежништво инженеринг промет и услуги „Миља“ ДООЕЛ експорт-импорт на локалитетот Орман, Општина Гази Баба

27. Предлог-одлука за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес

**б) Политички систем**

28. Предлог-одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Грузија

29. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „DINAMIC FRONT IV/19-1“, во Сојузна Република Германија

30. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „GEOEX 19“, во Република Грузија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

32. Предлог-закон за престанување на важење на Законот за трговија на зелени пазари, по итна постапка, поднесен од група пратеници

33. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став 1 од Законот за стечај, поднесено од пратеничката Ивана Туфегџиќ

34. Барање за давање на автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди

35. Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година

36. Статут на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (I Фаза)

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

37. Статут на Факултетот за исламски науки - Скопје

38. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.136/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 2 во делот: „на денот на влегување во сила на овој закон“, член 47 став 3 точка 2 во делот: „стекнато до денот на влегување во сила на овој закон“ и член 61 став 1 од Законот за

денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/98, 18/99, 31/00, 42/03, 64/03 44/07, 72/10, 171/10, 8/11, 55/13, 32/15 и 104/15), поднесена од Народниот правобранител

39. Иницијатива поднесена од адвокатката Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.135/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1, став 2 и став 3, член 20 став 3 и став 4, член 23 и член 25 став 3, став 4 и став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/2017)

40. Понуда од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1812 за КО Велестово на КП бр. 2686/1 на место викано Рача

41. Известување од извршител Гордан Станковиќ, за усна јавна продажба под И бр.930/2017 (10899/1)

**д) Други предлози**

42. Кадровски прашања

43. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

44. Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2019 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците

45. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2018 година, со Финансиски извештај за 2018 година

46. Информација за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за периодот од 1.6.2018 до 31.12.2018 година

47. Информација за реконструкција на железничката пруга Ногаевци-Неготино, за периодот од 1.6.2018 до 31.12.2018 година

48. Информација за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми во Република Македонија 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот август - октомври 2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

49. Предлог-одлука за формирање на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

50. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со музеј - Софија и од Народниот музеј Белград кои ќе

бидат презентирани на изложбата „100 години Требениште“ во Националната установа Археолошки музеј на Македонија - Скопје

51. Информација во врска со потребата од склучување на нов Рамковен договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Veridos-GMBH

52. Информација за неможноста за целосно спроведување на Акцискиот план за имплементација на модулот за пресметка на плата во институциите од јавниот сектор

53. Информација за преземање потребни активности за доследна имплементација на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за општата управна постапка

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записниците од 114-та и 117-та седница на Владата на Република Македонија, одржани на 8 јануари 2019 и 29 јануари 2019 година

*

*        *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи ги информираше членовите на Владата, за статусот на реализација на мерките содржани во Планот 18 (статус 8.2.2019 година), со констатација сите министерства да преземаат активности за исполнување на обврските кои произлегуваат од Планот.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1. - 30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година (нов текст), која е доставена до Собранието на Република Македонија и притоа заклучи:

1. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за правда, да се измени и тоа:

- За Предлог-законот за управување со движење на предметите во судовите, кој треба да се достави во владина постапка до 15.2.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.5.2019 година.

- За Предлог-законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија, кој треба да се достави во владина постапка до 15.2.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.5.2019 година.

- За Предлог-законот за заштита на личните податоци, кој треба да се достави во владина постапка до 15.2.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.5.2019 година.

- Предлог-законот за Специјалното јавно обвинителство да изостане.

- Предлог-законот за изменување и дополнување на Изборниот законик да изостане.

- За Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните кој треба да се достави во владина постапка до 15.2.2019 година, да се измени рокот, односно истиот да се достави до 15.5.2019 година.

2. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за финансии, да се дополни со Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа, со краен рок за доставување во владина постапка до 15 февруари 2019 година.

3. Законодавната агенда согласно доставениот допис од Министерството за економија, да се дополни со Предлог-закон за развој, производство и промет на воени стоки, со краен рок за доставување во владина постапка во март 2019 година.

4. Согласно овие заклучоци соодветно да се измени и дополни и Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година.

5. Пречистениот текст на Законодавната агенда на Владата на Република Македонија, за период 1.1.-30.6.2019 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година, да се достави до Собранието на Република Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член (11) став 2, член 20 став (10) и членови 24 и 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа да стави налепници на таблите на граничните премини, државната граница на Република Македонија и на двата аеродроми во Република Македонија, во рок од три дена од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

2. Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Македонија во рок од седум дена од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, да изработи Книга на графички стандарди со која ќе утврди стандарди за визуелен приказ на уставното име Република Северна Македонија во склоп со државниот грб како лого кое го користат државните институции за јавните табли на влезот од сите институции.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во рок од седум дена од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, да изготви софтвер кој ќе ги содржи сите институции од државно и локално ниво, како и димензиите на јавните табли.

Промената на сите табли, на централно и локално ниво, да се заврши во рок од четири месеци.

4. Се задолжуваат, им се укажува и препорачува на сите институции да извршат промена на сите дигитални записи (логоа, меморандуми, електронски комуникации, веб- страни, медиуми итн.) во рок од три дена од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

5. Се задолжуваат, им се укажува и препорачува на сите институции соодветно да ги изменат меморандумите, печатените материјали, папките, индикаторите, во рок од две недели од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи, да ги замени таблите во министерството, како и печатите и штембилите во министерството во рок од две недели од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, а во дипломатско-конзуларните претставништва во рок од три недели од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да започне со издавање на нови регистерски таблички, во рок од четири месеци од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија.

Во меѓувреме, како преодно решение, Министерството за внатрешни работи ќе обезбеди налепници со ознака „NMK“ за регистарските таблички на возилата.

8. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните мерки и активности за спроведување на решение во преодниот период до создавање технички претпоставки за издавање на нови патни исправи.

Издавањето на нови пасоши да започне од крајот на 2019 година. Во преодниот период, Министерството за внатрешни работи при излез од Република Македонија или влез во Република Македонија, во постојните и новоиздадените во преодниот период патни исправи ќе биде ставен печат кој ќе појасни дека патните исправи припаѓаат на Република Северна Македонија.

9. Се препорачува на Народна банка на Република Македонија, со оглед на комплексноста на постапката, да направи анализа и план на неопходните активности за постепена замена на банкнотите, со оценета временска динамика, во рамките на редовните нови емисии, водејќи сметка за макроекономската стабилност.

Првите нови банкноти со натпис Народна банка на Република Северна Македонија да бидат изготвени на почетокот на 2020 година и потоа, сукцесивно, да бидат целосно заменети најдоцна во рок од пет години од отворањето на релевантното ЕУ поглавје.

10. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги промени во рок од два месеци од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, сообраќајните знаци на меѓународните патни правци во земјата, давајќи предност на ендонимите (во англиска транскрипција) врз егзонимите (на македонски јазик во кирилско писмо).

11. Се задолжува Министерството за култура во рок од шест месеци од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, да направи преглед и ревизија на статусот на спомениците, јавните згради и инфраструктура и доколку се однесува на античката хеленска историја и цивилизација како дел од историското наследство на Грција, да се преземат соодветни корективни мерки и активности.

12. Се задолжува Министерството за правда во рок од шест месеци од влегувањето во сила на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, да пристапи кон отстранување на симболот истакнат на поранешното национално знаме од целиот јавен простор и јавна употреба. Археолошките артефакти се иземени.

13. Се задолжуваат, им се укажува и препорачува на сите горенаведени институции при спроведувањето на овие заклучоци, да ги имаат предвид одредбите од Законот за употреба на јазиците.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата Управниот одбор на Претпријатието да донесе нова одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година која ќе го содржи само зголемениот придонес за здравствено и пензиско осигурување во износ од 0,5 проценти.
Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година која ќе го содржи зголемувањето на платите во износ од 5 проценти да се донесе по завршувањето на претстојниот изборен процес.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „АГРО-БЕРЗА“ Скопје за 2019 година за наредната седница на Владата, поради потребата Управниот одбор на Претпријатието да донесе нова одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „АГРО-БЕРЗА“ Скопје за 2019 година која ќе го содржи само зголемениот придонес за здравствено и пензиско осигурување во износ од 0,5 проценти.

Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „АГРО-БЕРЗА“ Скопје за 2019 година која ќе го содржи зголемувањето на платите во износ од 5 проценти да се донесе по завршувањето на претстојниот изборен процес.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со предлог за донесување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата Управниот одбор на Претпријатието да донесе нова одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година која ќе го содржи само зголемениот придонес за здравствено и пензиско осигурување во износ од 0,5 проценти.

Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година која ќе

го содржи зголемувањето на платите во износ од 5 проценти да се донесе по завршувањето на претстојниот изборен процес.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Правилник за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог- одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на „ЕВН- Електростопанство на Македонија“, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје (најнов текст), со заклучок да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за моменталниот статус на административните и оперативните капацитети и предложените мерки за зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт и ја усвои со следните заклучоци:

1. Да се обезбедат услови за спроведување на Акцискиот план на Државниот инспекторат за транспорт.

2. Се задолжува Министерството за финансии при идното буџетирање да предвиди средства за нови вработувања, нови возила и нова ИТ опрема за Државниот инспекторат за транспорт.

**Точка 8**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. бр.03-893/18), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП. бр.03-763/18), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање со показатели за нивната финансиска состојба за 2018 година, со Предлог-одлука за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичка-консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2019 година, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичка-консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените количини на нафта и нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Никола Карев“ - Охрид, како корисник.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог-мерки за уредување на имотно-правен однос со засегнатите деловни банки за имот од поранешен Завод за платен промет во Струга и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, предложената спогодба да ја достави на разгледување до „Халк банка“ АД Скопје и по добивање на писмени забелешки во однос на текстот на спогодбата од страна на банката, да одржи состанок со двете банки заедно со Агенцијата за катастар на недвижности и Државното правобранителство на Република Македонија, со цел разгледување и произнесување по предложениот начин на решавање на имотно-правниот однос на банките со Предлог-спогодбата, доставена од страна на „Еуростандард банка“ АД Скопје.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија, во рок од 15 дена, да преземе мерки и да ги предложи потребните одлуки, со цел да се отпочне постапка за изложување и упис на дел од незапишаниот имот на КП.бр.477/1 во КО Струга, во сопственост на Република Македонија и по уписот на имотот, веднаш да го извести Министерството за финансии.

3. Се задолжува Министерството за финансии, повратно да ја информира Владата за постигнатите резултати од преземените активности со деловните банки за решавање на настанатиот имотно-правен спор во врска со продажбата на деловниот простор на поранешен Завод за платен промет во Струга.

Истовремено, Владата имајќи го предвид Мислењето на Државното правобранителство на Република Македонија - Струга заклучи Министерството за финансии, во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави соодветна одлука за изработка на геодетски елаборат за незапишаниот имот на првиот кат на КП бр.477/1 во КО Струга од страна на Одделението за катастар на недвижности - Струга.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Нар, Гевгелија, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Нар“ - Гевгелија, со седиште на ул. „Мрзенски пат“ бр. 17, Гевгелија - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за  реализација на активностите од Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за индустриска сопственост 2016 - 2018 и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост најдоцна до првата половина од 2020 година да изготви Нацрт-стратегија за интелектуална сопственост за период од пет години.

2. Се задолжува Министерството за економија да ја дополни Информацијата со податоци за тоа како планираат да ги реализираат суштинските мерки предвидени во Акцискиот план како и дали е предвидено ревидирање на Стратегијата и Акцискиот план имајќи предвид дека истите се однесуваат на периодот 2016-2018 година.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Првата седница на македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за одржување на Првата седница на македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка по Договорот за економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа во рок од три дена до Министерството за економија да предложат теми за дискусија и претставници кои ќе учествуваат во работата на Првата седница на македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка.

3. Се укажува на АД МЕПСО и Фондот на иновации и технолошки развој во рок од три дена до Министерството за економија да предложат теми за дискусија и претставници кои ќе учествуваат во работата на Првата седница на македонско-бугарската меѓувладина комисија за економска соработка.

**Точка 17**

Владата заклучи Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука, да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување на Акциски план по конечниот извештај на Државниот завод за ревизија, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акциски план.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа на секои три месеци да ја информира Владата за спроведувањето на Акцискиот план се до конечна реализација на мерките на истиот.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за формирање на комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR) (најновиот текст 14.2.2019 година).

2. Се задолжува Комисијата, во рок од 30 дена, до Владата на усвојување да ги достави Јавниот повик и Тендерската документација.

## Точка 20

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за соработка во областа на образование, наука, култура, мас-медиуми, млади и спорт, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Петар Атанасов, заменик на министерот за образование и наука а за повереници Енвер Хусеин, државен секретар во Министерство за образование и наука и Наташа Дескоска и Игор Поповски директори во Министерството за надворешни работи.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој помеѓу Европската Унија и Република Македонија кој ќе се одржи на 12 март 2019 година во Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги покрие трошоците за храна и превод за потребите на учесниците на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален на 12 март 2019 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со ко-претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот година до 1.3.2019 година во Скопје.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со ко-претседавачот на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на утврдениот дневен ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија до 15.2.2019 година.

4. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за животна средина, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Дирекцијата за радијациона сигурност, а им се укажува на Регулаторната комисија за енергетика, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, да обезбедат присуство на номинираните лица, како дискутанти по определени точки од утврдената агенда на Петнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, кој ќе се одржи на 12 март 2019 година во Скопје.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на мерките од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за имплементација на мерките од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост за 2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа, на квартално ниво до Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост да доставуваат извештаи за статусот на реализацијата на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за имплементација на мерките од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на катни-монтажни гаражи во комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука, со заклучок да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-решение (најнов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - минерална вода на локалитетот „Горица“ с.Белчишта, Општина Дебарца од Друштвото за трговија и услуги „Европорц“ ДОО увоз-извоз с.Трубарево Скопје на Друштвото за производство, трговија и услуги „Горичанка“ ДОО увоз-извоз Скопје, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за градежништво

инженеринг промет и услуги „Миља“ ДООЕЛ експорт-импорт на локалитетот Орман, Општина Гази Баба за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 27**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Северна Македонија и Грузија и ја донесе Одлуката со заклучок истата да биде објавена по влегување во сила на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните.

**Точка 29**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „DINAMIC FRONT IV/19-1“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи во наредните акти што Министерството за одбрана ќе ги доставува до Владата, а ќе се однесуваат на испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија на мисии, мировни операции, обуки, вежбовни и други активности во кои учествуваат лица од Армијата на Република Македонија да се има предвид начелото на правичната застапеност, согласно Рамковниот договор.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „GEOEX 19“, во Република Грузија, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница Штип, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го симна од Дневниот ред Предлог-законот за престанување на важење на Законот за трговија на зелени пазари, по итна постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 33

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 став 1 од Законот за стечај, поднесено од пратеничката Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следното мислење:

Одредбата од член 44 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) гласи:

„(1) Членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа, како и на надоместок за реално потребните трошоци...“.

Постоењето на ваква одредба во законот е со цел членовите на одборот на доверители да бидат мотивирани за работата, односно за должностите утврдени во членот 40 од Законот и за нивно завршување во законските рокови, со оглед дека стечајната постапка е итна постапка.

Согласно член 39 одборот на доверители го основа стечајниот судија по образложен предлог доставен од стечајниот управник, водејќи сметка особено за тоа кои ограничувања постојат во законот, односно кој може односно не може да биде член на одборот на доверители, (дефинирано во член 38 од Законот).

Ова значи дека секој доверител кој нема законска пречка да биде именуван во одборот на доверители определува одредено лице кое како член ќе го застапува и ќе одлучува во одборот на доверители, како оперативен орган на доверителите во стечајната постапка.

Согласно член 5 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/07 и 104/15) Државниот правобранител ги штити имотните права и интереси на Република Македонија и државните органи. Оттаму, не е спорно дека овластениот претставник од Државното правобранителство кое активно учествува во стечајната постапка, согласно Законот за стечај има право на награда. Дали државниот правобранител именуван од Државното правобранителство (да го застапува државниот орган-доверител во стечајна постапка), има право на награда или паричните средства по овој основ треба да бидат уплатени на самото Државно правобранителство е прашање кое треба да биде регулирано од страна на Државното правобранителство.

Земајќи го предвид напред наведеното Владата на Република Македонија смета дека нема потреба да се дава автентично толкување на член 44 став ( 1) од Законот за стечај.

## Точка 34

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство, поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледано на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда во прилог на материјалот достави мислење подготвено во соработка со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 35

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за внатрешни работи да достави мислење подготвено во соработка со Министерството за финансии.

## Точка 36

Владата го разгледа Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (I Фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија достави стручно мислење под бр.44.1-6865/1 од 22.8.2018 година со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Владата на Република Македонија, со внимание го разгледа ново доставениот текст на Статутот на Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје и согласно тоа ве известува за следното:

Забелешката по однос на членовите 120 став 2 и член 122 став 3 од стариот текст на Статутот, односно на член 115 став 2 и 117 став 3 од новиот текст на Статутот не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Забелешката по однос на член 148 од стариот текст на Статутот, односно по однос на член 147 од новиот текст на Статутот не е соодветно имплементирана во новиот текст на Статутот.

Членот 181 од новиот текст на Статутот треба да изостане, од причина што предметната материја на овој член е регулирана со член 179 од новиот текст на Статутот.

Членот 188 од новиот текст на Статутот треба да изостане, од причина што предметната материја на овој член е регулирана во член 187 од новиот текст на Статутот.

Забелешката по однос на член 289 од претходниот текст на Статутот, односно по однос на член 286 од новиот текст на Статутот, а која се однесува на соодветно применување на член 149 став 5 од Законот за високото образование, не е инкорпорирана во новиот текст на Статутот.

Во членот 61 од Статутот има погрешно повикување на член од Статутот.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Македонија до Факултетот за исламски науки - Скопје достави стручно мислење под бр.44-8882/1 од 22.10.2018 година и стручно мислење бр.44-8882/2-

18 од 8.1.2019 со наведени детални забелешки за корекција на определен број на одредби од Статутот, по кои по правило треба да постапи високообразовната установа.

Владата на Република Македонија го разгледа ново доставениот текст на Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје и по однос на истиот увиде дека сите забелешки дадени со Мислење бр.44-8882/1 од 22.10.2018 година и Мислење бр.44-8882/2-18 од 8.1.2019 година се прифатени и инкорпорирани во новиот текст на Статутот.

Со оглед на ова Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење на Статутот на Факултетот за исламски науки - Скопје.

## Точка 38

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.136/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 11 став 2 во делот: „на денот на влегување во сила на овој закон", член 47 став 3 точка 2 во делот: „стекнато до денот на влегување во сила на овој закон" и член 61 став 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија", бр. 20/98, 18/99, 31/00, 42/03, 64/03 44/07, 72/10, 171/10, 8/11, 55/13, 32/15 и 104/15), поднесена од Народниот правобранител и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се оспорува членот 11 став (2) и членот 47 став (3) точка 2 и член 61 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија", бр. 20/98, 18/99, 31/00, 42/03, 64/03 44/07, 72/10, 171/10, 8/11, 55/13, 32/15 и 104/15), бидејќи наведените законски одредби се во спротивност со членот 30 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Според наводите во Иницијативата оспорените одредби не се уставни и законити и истите треба да се поништат во делот „на денот на влегувањето во сила на овој закон", од причини што со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 120/99 од 10.3.1999 година, се укинува членот 11 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија", бр. 18/1999), во делот „на денот на влегување во сила на овој закон".

Согласно горе наведената Одлука на Уставниот суд на Република Македонија право да поднесе барање за денационализација, односно барател во постапката за денационализација треба да се смета поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници според прописите за наследување на денот на влегувањето во сила на Законот за денационализација, со што се исклучува правото на наследниците што таквото својство го добиле по влегувањето во сила на Законот за денационализација.

Поради тоа се предлага Уставниот суд на Република Македонија да ја прифати Иницијативата и наведените законски одредби (членот 11 став (2) и членот 47 став (3) точка 2 од Законот за денационализација), да се поништат во делот „на денот на влегувањето во сила на овој закон", како неусогласени со Уставот на Република Македонија и законите.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Според член 11 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998):

1) Право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници на денот на влегување во сила на овој закон според прописите за наследување (барател).

2) Барател во смисла на став (1) на овој член е лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Од цитираната законска одредба неспорно произлегува дека Законот за денационализација јасно и недвосмислено го дефинира поимот барател во постапка за денационализација, односно право да поднесе барање за денационализација има лице кое кумулативно исполнува два услови: да е поранешен сопственик на имотот кој во поранешен период бил одземен во корист на државата со присилни прописи, односно лице кое е негов наследник, според прописите за наследување и кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Тоа, значи дека наследниците на поранешниот сопственик може и по влегувањето во сила на Законот за денационализација да бидат прогласени за законски наследници на поранешниот сопственик, но истите за да можат да се јават како баратели во постапката за денационализација мора да бидат државјани на Република Македонија, до денот на влегување во сила на законот, а тоа е 7.5.1998 година.

Во смисла на погоре наведеното е и одредбата од членот 47 став (3) точка 2 од Законот за денационализација во која законодавецот ги пропишал доказите кои задолжително се поднесуваат кон пропишаниот образец - Барање за денационализација, а тоа меѓу другото е и доказот за државјанство на Република Македонија, кое мора да биде стекнато до влегувањето во сила на Законот, т.е. пред 7.5.1998 година.

Со Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 120/99 од 10.03.1999 година, се укинува членот 11 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/1998), во делот „на денот на влегување во сила на овој закон“, што значи дека право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници според прописите за наследување (барател), меѓутоа ставот (2) од наведената законска одредба останува во сила.

Со оглед на погоре изнесеното сметаме дека наведените законски одредби се јасни и истите се во согласност со членот 30 од Уставот на Република Македонија, со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Помеѓу другото, се укажува дека со оспорената одредба не се ограничува правото на сопственост на граѓаните на Република Македонија, од причини што согласно одредбите од Законот за денационализација титулар на сопственоста на имотот предмет на денационализација е Република Македонија.

Имено, подржавувањето на општествената сопственост е вршено врз основа на законски и други прописи во рамките на легален правен систем и во соодветни правни постапки во кои престанало да постои правото на сопственост, а државата како титулар на сопственоста располагала и управувала и сеуште располага со тој имот.

Оттука, државата како сопственик на имотот ги определува условите, начинот и постапката за денационализација, вклучувајќи ги тука и законските услови кои треба да ги исполнуваат лицата кои можат да се јават како баратели во постапката за денационализација.

Исто така се смета дека не се земени предвид и решенијата утврдени во членот 8 од Уставот на Република Македонија во кој се утврдени темелните вредности на правниот поредок на Република Македонија, во кој покрај другото се гарантира владеењето на правото и правната сигурност. Ова, од причини што од примената на одредбата за која се однесува иницијативата до сега е поминат подолг временски период, па се доведува во прашање основаноста на оваа иницијатива и од аспект на остварување на правната сигурност на граѓаните во остварувањето на своите права.

Исто така, со Иницијативата се оспорува и членот 61 став (1) од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 20/98, 18/99, 31/00, 42/03, 64/03 44/07, 72/10, 171/10, 8/11, 55/13, 32/15 и 104/15), бидејки се повредува уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот на Република Македонија и законите, од причини што на барателите во постапката за денационализација им се оневозможува да ги користат сите редовни и вонредни правни средства за заштита на нивните права и имотно-правни интереси.

Според одредбите од член 61 став (1) од Закон за денационализација, во постапката за денационализација не се применуваат одредбите за враќање во поранешна состојба и за обнова на постапката.

Заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест според одредбите на овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд во рок од пет години по правосилноста на решението за денационализација (член 61 став (2) од законот).

Според одредбите од член 13 од Закон за денационализација, во постапката за денационализација се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка доколку со овој закон поинаку не е определено.

Имајќи ги предвид цитираниве законски одредби неспорно е дека Законот за денационализација е lex specijalis во однос на Законот за општа управна постапка, а тоа значи дека со истиот одредени правни работи поинаку се уредени отколку со одредбите од Законот за општа управна постапка (што не е случај само со овој закон туку постојат и многу други закони).

Имено, диспозиција на законодавецот била при изготвувањето на Законот за денационализација да исправи една голема неправда сторена во минатото, така што имотот што станал државна сопственост со носењето на присилните прописи таксативно наведени во членот 2 од постојниот Закон за денационализација, реално да го врати на поранешните сопственици т.е. нивни законски наследници или да ги обесштети со надомест за имотот кој не се враќа, како и кога имотот не се враќа затоа што престанал да постои, доколку се исполнети одредени услови предвидени со одредбите од Законот за денационализација.

Оттука, при изготвувањето на Законот за денационализација законодавецот ја уредил постапката за денационализација и сметал дека со примената на редовните правни лекови како и вонредните правни лекови освен обнова на постапката или враќање во поранешна состојба, предвидени со Законот за општа управна постапка, барателите можат да ги остварат своите права во управната постапка, а исто така и предвидел судска контрола на управните акти од страна на Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Покрај ова, со одредбите од член 61 став (2) од Законот за денационализација законодавецот предвидел дека заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест според одредбите на овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд во рок од пет години по правосилноста на решението за денационализација, така да обезбедил судска заштита на правата на заинтересираните лица во врска со имотот кои бил предмет на денационализација во постапка за денационализација.

Поради ова, се смета дека во случајов доведена е во прашање целисходноста и основаноста на иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 61 од Законот за денационализација. Ова, пред се заради специфичноста на прашањата уредени со Законот за денационализација и остварување на интенцијата на законодавецот со донесување на овој закон, а тоа е исправка на сторените неправди кон поранешните сопственици во минатото. Со Законот за денационализација дадена е можност на самите поранешни сопственици по нивна иницијатива да ја покренат постапката за денационализација и да ги остварат правата од денационализација и тоа во рок утврден во Законот за денационализација, што на одреден начин упатува и на тоа дека целта на законодавецот била и да го ограничи траењето на овој процес.

Од овие причини се смета дека решенијата утврдени во член 61 од Законот за денационализација со кои се изземени од употреба институтот враќање во поранешна состојба и вонредниот правен лек - обнова на постапка, е во контекст на овие цели на законодавецот при донесувањето на овој закон. Се укажува дека во постапката за денационализација обезбедена е заштита на правата на странките преку користење на други правни лекови утврдени во Законот за општата управна постапка, вклучувајќи и судска контрола на управните акти од страна на Управниот суд и Вишиот Управен Суд.

Владата на Република Македонија смета дека Иницијативата во овој период кога процесот на денационализација е при крај воопшто не е целисходна и оправдана и со оглед дека во Иницијативата воопшто не е аргументирано од кои причини со оспорените законски одредби се повредува членот 30 од Уставот на Република Македонија со кој се гарантира правото на сопственост (во случајов се работи за одземен имот кој е сопственост на Република Македонија), му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 39

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатката Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.135/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17 став 1, став 2 и став 3, член 20 став 3 и став 4, член 23 и член 25 став 3, став 4 и став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/2017) и притоа го утврди следното мислење:

Во споменатата иницијатива, подносителот наведува дека одредбите од членот 17 став 1, 2 и 3, членот 20 став 3 и 4, членот 23 и членот 25 став 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17) се во спротивност на членот 8 став 4 од темелните вредности на Уставот на Република Македонија, членот 18 и членот 33 од Уставот на Република Македонија.

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека со оспорените законски одредби, Законот му оставил на министерот за финансии да донесе Правилник за начинот на пресметка и уплата, форма и содржина на данокот што било спротивно на начелото на поделба на власта, бидејќи оваа обврска ја имало Собранието на Република Македонија како законодавна власт.

Подносителот на иницијативата цени дека согласно членот 8 став 4 и членот 33 од Уставот не може со закон да се овласти министерот за финансии да воспоставува начин на исполнување на даночните обврски за граѓаните, од причина што согласно членот 33 од Уставот секој е должен да учествува во измирувањето на даночните обврски на начин утврден со закон.

Со членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17) беше пропишано дека обврзникот кој во текот на годината остварува приход кој подлежи на оданочување со данок на доход врз основа на овој закон е должен да поднесе пресметка на аконтација на данок и докази до органот за јавни приходи. При тоа, со ставот 2 од овој член беше пропишано дека пресметката обврзникот ја доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Со членот 23 од споменатиот закон беше пропишано дека и обврзникот - нерезидент поднесува пресметка за секој од приходите што ги остварува, а за кои не е предвидено плаќање на данок на доход по одбивка.

Во членот 25 од истиот закон беше уредено дека исплатувачот од членот 76 од Законот, пред секоја исплата на приходите на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до органот за јавни приходи да достави пресметка за бруто приходот, одбитоците, пресметаниот данок по одбивка и нето приходот за исплата, за секој обврзник поединечно. Согласно ставот 3 од овој член пресметката се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Во трите споменати членови од Законот беше пропишан и основ министерот за финансии да ги пропише начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок.

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби, преку пропишувањето на обврска за даночните обврзници и исплатувачите на приходите да поднесуваат електронска пресметка до Управата за јавни приходи, со Закон е уреден начинот на пресметка на аконтациите на данокот, додека во Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок донесен од

страна на министерот, само поблиску се разработени законските одредби кои се однесуваат на оваа обврска.

Според наведеното, се смета дека со оспорените одредби од Законот не се повредува членот 8 став 4 и членот 33 од Уставот, со оглед на тоа дека начинот на исполнување на обврската за плаќање на персоналниот данок е утврден со Законот, додека во подзаконскиот акт кој министерот со закон е овластен да го донесе поблиску е пропишан начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок.

Дополнително, во иницијативата подносителот наведува дека пополнувањето на даночните пријави е обврска на граѓаните согласно членот 33 од Уставот и дека истата не може да и се преотстапи на Управата за јавни приходи.

Исто така упатува дека оспорените законски одредби се во спротивност и со членот 18 од Уставот според кој „се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци".

Со членот 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17) беше пропишано дека органот за јавни приходи изготвува пополнета годишна даночна пријава за даночниот обврзник, за доходот што го остварил во годината за којашто се утврдува данокот.

Пополнетата годишна даночна пријава, од ставот 1 на овој член, органот за јавни приходи ја доставува до даночниот обврзник најдоцна до 30 април наредната година.

Обврзникот на данокот на доход е должен да ја потврди точноста на податоците од пополнетата годишна даночна пријава од ставот 1 на овој член или да ја коригира пријавата најдоцна до 31 мај. Доколку даночниот обврзник не ја потврди или коригира пополнетата годишна даночна пријава во рокот од ставот 3 на овој член, пополнетата годишна даночна пријава се смета за потврдена.

Изготвувањето и доставувањето на пополнета годишна даночна пријава од страна на Управата за јавни приходи е од голема корист за даночните обврзници, бидејќи истите се ослободени од товарот за пополнување на пријавата и нејзино физичко доставување во просториите на Управата за јавни приходи секоја година. На овој начин се обезбедува заштеда на време и средства на граѓаните. Управата за јавни приходи врз основа на податоците добиени од електронските пресметки на даночните обврзници и на исплатувачите на приходите, ќе ја пополни годишната даночна пријава за остварените приходи на граѓаните, а тие ќе имаат обврска само да ја потврдат или коригираат истата.

Позитивни придобивки од изготвувањето на пополнета годишна даночна пријава ќе има и Управата за јавни приходи преку намалување на административните трошоци поврзани со утврдувањето на персоналниот данок и значително скратување на времетраењето на процесот на утврдување на данокот.

Во однос на наводите во иницијативата дека преотстапувањето на личните податоци на обврзниците на обработка од Управата за јавни приходи заради пополнување на даночната пријава е спротивно на членот 18 и членот 33 од Уставот, се истакнува дека и пред пропишувањето на основот Управата за јавни приходи да изготвува годишна даночна

пријава за обврзниците, Управата за јавни приходи располагаше со податоци за даночните обврзници добиени од исплатувачите на приходите, како и од самите даночни обврзници.

Врз основа на сето горенаведено, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое ќе ја отфрли предметната иницијатива за оценување на уставноста на членот 17 став 1, став 2 и став 3, членот 20 став 3 и став 4, членот 23 и членот 25 став 3, став 4 и став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ бр.190/17) како неоснована.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васил Кузманоски од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1812 за КО Велестово на КП бр. 2686/1 на место викано Рача и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 41**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) под И.бр.930/2017, Заклучокот за втора усна јавна продажба под И.бр.930/2017 (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) со Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од Законот за извршување), Записникот за втора продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од Законот за извршување) и Заклучокот за извршена продажба на недвижност (врз основа на член 186 став 6 од Законот за извршување) и по истите го прифати Мислењето на Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 42**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 43**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за координација и имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 во врска со имплементацијата на овој стратешки документ и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се назначува министерот без ресор, Музафер Бајрам за Национален координатор на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови произлезени од овој стратешки документ и да ги координира активностите поврзани со нивната имплементација како и навремено да ја информира Владата и јавноста за превземените активности.

2) Се назначува министерот без ресор, Музафер Бајрам за Национална контакт точка за имплементација на проектот Интеграција на Роми 2020 и еднаш годишно да ја информира Владата за реализираните активности во рамките на овој проект.

3) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам да го координира процесот на подготовка на нова Стратегија за подобрување на состојбата на Ромите и Национални акциски планови и за ова да ја информира Владата најдоцна до декември 2020 година.

4) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, да достави Предлог-одлука за формирање на Советодавно тело на министри кое ќе ја следи имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови за домување, образование, здравство, вработување и за зајакнување на положбата на жената Ромка.

5) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам да го координира процесот на следење и имплементација на заклучоците од Семинарот за Роми и Роми бегалци и да ја информира Владата на секои шест месеци за статусот на реализацијата.

6) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, најмалку еднаш годишно да прави анализи на општите јавни политики кои се од особена важност за Ромската заедница и врз основа на истите да им предлага на министерствата, органите во состав и независните органи на управата, начини за интеграција на мерки со кои ќе се максимизира бенефитот на Ромската заедница од општите политики во земјата во областите вработување, образование, домување, здравство, родова еднаквост и култура.

7) Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура, во соработка со министерот без ресор, Музафер Бајрам секоја година до септември во своите годишни планови и програми да интегрираат активности од Стратегијата и Националните акциски планови и за нивна реализација да предвидат средства во Буџетот.

8) Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во соработка со министерот без ресор, Музафер Бајрам, да ги поддржи единиците на локална самоуправа во кои е застапено ромското население да креираат локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите, доколку досега немаат подготвено и усвоено такви планови.

9) Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во соработка со министерот без ресор, Музафер Бајрам, да ја поддржи имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови.

10) Се препорачува на единиците на локална самоуправа каде се усвоени Локални акциски планови на секои три месеци да го известуваат министерот без ресор, Музафер Бајрам, за имплементацијата на активностите произлезени од акциски планови, како и за активностите кои планираат да ги преземат во нареден период.

11) Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски,

Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, на секои три месеци да го известуваат министерот без ресор, Музафер Бајрам, за имплементацијата на активностите произлезени од Националните акциски планови, како и за активностите кои планираат да ги преземат во нареден период.

12) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, во соработка со Секретаријатот за европски прашања до крајот на декември 2019 година да изработи преглед на сегашни и потенцијални домашни и меѓународни донатори кои ја поддржуваат имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови.

13) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, во соработка со Секретаријатот за европски прашања да организира редовни средби со донаторската заедница во Република Македонија за финансирање на политиките за вклучување и интеграција на Ромите, најмалку еднаш годишно.

14) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, најмалку два пати годишно да организира средби со граѓанските организации што работат на подобрување на состојбата на Ромската заедница.

15) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, на секои четири месеци да ја информира Владата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, односно Националните акциски планови.

16) Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, во работните групи каде се разгледуваат прашања кои ги опфаќаат Ромите, да планираат вклучување на членови од Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија.

17) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам да ја претставува Република Македонија на меѓународно ниво за прашања поврзани со Ромската заедница, а произлезени од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

18) Се задолжува министерот без ресор, Музафер Бајрам, редовно да ја известува јавноста за реализацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и Националните акциски планови преку средствата за информирање на јавноста и социјалните мрежи.

**2.** Владата го разгледа и прифати Барањето за престанување на важење на Заклучок, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1.3.2016 година од Општина Македонски брод и заклучи да престане да важи заклучокот бр.22 донесен по точка 76, во однос на доставување на информации за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Обнова на каптажа за вода на стариот резервоар изграден во 1938 година во с.Брест“, со Акциски план, со оглед дека општината континуирано ја следи состојбата со водоснабдувањето во сите населени места, следствено и во с.Брест каде истото се одвива

без поголеми проблеми, а по потреба ќе се преземат активности за одржување и поправки на водоснабдителниот систем.

**3.** Владата заклучи да се измени Заклучокот од 117-та седница на Владата, одржана на 29.1.2019 година, донесен по Информацијата за проект за „Изработка на проектна документација за велосипедски патеки во одбрани градови во Македонија“ и истиот да гласи:

„Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го исклучи проектот за изработка на проектна документација за велосипедски патеки во Скопје, Охрид, Штип и Тетово од Планот за набавки 2014-2020 за проекти кои се финансираат преку ИПА 2 инструментот на Европската Унија.“.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период 4.2.2019 година до 10.2.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 44

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план за 2019 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, како материјал за информирање.

## Точка 45

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2018 година, со Финансиски извештај за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на пруга Куманово-Бељаковце, за периодот од 1.6.2018 до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се преиспита Договорот за проектната единица за имплементација на Проектот и да се смени неговиот облик со цел поефикасно спроведување на Договорот имајќи ги предвид значителните доцнења и нефункционалноста на Проектната единица.

## Точка 47

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реконструкција на железничката пруга Ногаевци - Неготино, за периодот од 1.6.2018 до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со акциски план за санирање на состојбата во врска со ова прашање.

## Точка 48

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Роми во Република Македонија 2014-2020, односно националните акциски планови за периодот август - октомври 2018 година, како материјал за информирање

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, а се препорачува на Службата на Собранието на Република Македонија во рок од три дена да достават/номинираат претставник за Меѓуресорската работна група.

2. Се задолжува Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците да стапи во тесна соработка со Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за осигурување за експонатите од Националниот археолошки институт со музеј - Софија и од Народниот музеј Белград кои ќе бидат презентирани на изложбата „100 години Требениште“ во Националната установа Археолошки музеј на Македонија - Скопје, со заклучок:

- во членот 1 од Одлуката зборовите „бр. 44-10214/1 од 13.11.2018 година“ да се избришат.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од склучување на нов Рамковен договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Veridos-GMBH и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за внатрешни работи да склучи нов Рамковен договор меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Veridos -GmBH за период од две години, најдоцна до 31.3.2019 година.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за неможноста за целосно спроведување на Акцискиот план за имплементација на модулот за пресметка на плата во институциите од јавниот сектор, составен дел на Информацијата за прогрес на проектот - Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), со Акциски план за имплементација на модулот

за пресметка на плата во институциите на јавниот сектор усвоена на Осумдесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 1.11.2016 година, Точка 88 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да продолжи да ги координира понатамошните активности поврзани со спроведувањето на модулот за пресметка на плата од Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР).

2. Се препорачува на институциите од областа на образованието (основни и средни училишта, универзитети, научни институти, ученички и студентски домови), институциите од областа на културата, институциите од областа на социјалната и детската заштита, институциите од областа на здравството, како и останатите институции на јавниот сектор, независно од утврдените рокови, да продолжат со пресметка на платите како и досега (без користење на модулот за пресметка на плати од ИСУЧР) односно како и пред роковите утврдени со Акцискиот план за имплементација на модулот за пресметка на плата во институциите во јавниот сектор се до донесувањето на Законот за плати на вработените во јавниот сектор.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за преземање потребни активности за доследна имплементација на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за општата управна постапка и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за преземање потребни активности за доследна имплементација на начелото на делегирање на надлежноста согласно Законот за општата управна постапка.

2. Се задолжуваат органите на државната управа кои водат управни постапки до завршување на изборниот процес да назначат лица за водење управна постапка, а во рок од 10 дена по завршувањето на изборниот процес до Министерството за информатичко општество и администрација електронски да достават измени и дополнувања на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места со кои истите ќе се усогласат со одредбата од членот 24 од Законот за општата управна постапка и да утврдат или организациска единица за водење управна постапка или да систематизираат најмалку едно работно место за водење на управна постапка.

3. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа до завршување на изборниот процес да назначат лица за водење управна постапка, а во рок од 10 дена по завршувањето на изборниот процес до Министерството за информатичко општество и администрација електронски да достават измени и дополнувања на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места со кои истите ќе се усогласат со одредбата од членот 24 од Законот за општата управна постапка и да утврдат или организациска единица за водење управна постапка или да систематизираат најмалку едно работно место за водење на управна постапка.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:10 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |